**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – КАНОН И МАКАМИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр**.** 1402 –57/7 од 19.3.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 19.3.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научните области ***видови на инструменти – канон и маками*** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– **проф. д-р Родна Величковска**, научен советник на Институтот „Марко Цепенков" во Скопје од наставно-научната област вокална народна музика, претседател;
– **проф. д-р Владимир Јаневски**, вон. проф. од наставно-научната област методика на настава по народни ора, наставник на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член;
– **проф. м-р Антонијо Китановски,** вон. проф од наставно-научната област видови на инструменти – џез гитара и џез композиција, наставник на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 14.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

м-р Тимко Чичаковски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Тимко Чичаковски** е роден во 1979 година во Скопје. Средно образование завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј", на Отсекот за музичка теорија. Високото образование го заокружува во 2003 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", поточно на Факултетот за музичка уметност на Одделот за музичка теорија и педагогија, во насоката за народни инструменти и се здобива со диплома дипломиран музичар-теоретичар изведувач на народни инструменти.

Своето професионално искуство како наставник по музичко образование го гради во неколку основни и средни училишта. Од 2007 година своето професионално искуство го продолжува во насоката за традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј". На истата насока ја оформува и својата педагошка актива и тоа по повеќе предметни содржини, како Народни инструменти, Оркестар на чалгиски инструменти, како и предметот Чалгиски инструмент - канон.

Во 2012 година магистрира во Институтот за фолклор „Марко Цепенков", во Скопје, на тема „*Чалгиската традиција во Берово*", со која го одредува патот на своето професионално поле во уметничката и традиционална ангажираност.

Низ годините имал можност својата едукативна, уметничко-презентерска и сценска дејност да ја прикаже во земјава и во странство. Посебно би ја истакнале концертна актива во Јапонија, Грција, Полска, Турција, Германија, Финска, Бугарија, Шведска, Белгија, Холандија, Албанија, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија. Во последните години засилено работи на едукативната дејност, која се одвива на семинарите за традиционална музика и игра, кои се одржуваат во земјава и во странство. Едукацијата континуирано ја надградува со посета на семинари и едукативни работилници за инструментот канон,

кај познатите професори: Манолис Карпатиос (Грција), Тахир Ајдогду (Турција), Бахадр Шенер (Турција), Гоксел Бакатагир (Турција).

Од 2007 година започнува со истражувачка дејност на која главна тема се народните чалгиски инструменти, нивното значење, антропологијата на инструментот, како и картографирањето на истите. Од собирачката и истражувачката активност може да се забележи дека главно ги истражува градскиот културен ареал, со сите негови специфики и влијанија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

1. Магистрира на УКИМ – Скопје, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје и се стекнува со назив *магистер по фолклористика,* со просек 9,89.
2. Дипломира на УКИМ – Скопје, Факултет за музичка уметност, насока Народни инструменти, со просек 8,85.
3. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Тимко Чичаковски | 1. 27 – целовечерни концерти на Ансамбл Македонија | Концертна турнеја во Јапонија | Март – април 2013 |
| 2 | Тимко Чичаковски | 2. Целовечерен концерт во МОБ, Ансамбл Македонија | КОДЕ СЕ МИЈАЦИТЕ... | 2013 |
| 3 | Тимко Чичаковски | 1. Целовечерен концерт во МНТ, Ансамбл Македонија | НА АСКЕР КЕ ОДАМ... | 2016 |
| 4 | Тимко Чичаковски | Целовечерен концерт во МНТ, Ансамбл Македонија | МАХМУД СЕ ГОТВИ | 2017 |
| 5 | Тимко Чичаковски | 3. Целовечерен концерт во МОБ, Годишен концерт со ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, Насока за традиционална музика и игра | СЛИКИ ОД МАКЕДОНИЈА | 2015 |

4.Препораки од двајца вонредни професори од соодветната научно-уметничка област за која се избира (во прилог).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2017 година м-р Тимко Чичаковски работи како хонорарен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и предава: Канон и Маками.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2007 год. до 2018 год. м-р Тимко Чичаковски има реализирано повеќе од 100 концертни активности во земјава и во странство.

Сите настапи се соодветно документирани и верифицирани и се приложени кон апликацијата.

Кандидатот м-р Тимко Чичаковски е активен на полето на концертната активност, посебно би ја истакнале концертната турнеја во Јапонија, каде што тој се појавува како солист во изведбите, исто така и големата едукативна работа во школските центри, но и семинари и работилници.

Неговиот опус и ангажман во Ансамблот „Македонија“ ја укажува неговата плодна концертна активност во земјава и во странство, посебно се важни концертните активности

во признатите концертни сали, како што се МНТ и МОБ, каде што тој се појавува како изведувач и солист.

М-р Тимко Чичаковски, исто така, има објавено повеќе трудови во меѓународни и домашни списанија, но неговата актива е збогатена и со издавање на музички и видео материјали од областа на традиционалната уметност.

***Објавени трудови:***

1. **Тимко Чичаковски**, (2009), Македонски традиционални инструменти, *Зборник на трудови* I, Илинденски денови, Битола (стр. 16-19).

(Резиме: Во темата е направена поделбата на традиционалните и чалгиските инструменти, кои припаѓаат во македонската традиција, според произведувањето на тонот. Дувачки, жичени, ударни и идиофонични инструмементи, сите инструменти кои спаѓаат во овие групи и составот на чалгиските инструменти).

2. **Тимко Чичаковски**, (2010), Примена на народните инструменти, *Зборник на трудови* II, Илинденски денови, Битола (стр. 32-36). (Резиме: Настанокот и потребата на луѓето во минатото од создавање на музичките инструменти, материјалите од кои се создавани и верувањата поврзани со произведувањето на тонот и улогата на инструменталистот во општествената средина. Современиот контекст на инструментите и создавањето на оркестрите на народни инструменти во институциите).

3. **Тимко Чичаковски**, (2011), Чалгијата на Балканот, *Зборник на трудови* III, Илинденски денови, Битола. (стр. 34-38).

(Резиме: Историски податоци и периоди за развојот на музиката на Балканот. Создавањето на чалгиските оркестри и составот на инструменти во нив. Поимите за старите скали – Макамии поделбите на метричките групи).

4. **Тимко Чичаковски**, (2011), Последниот беровски чалгаџија, *Годишен зборник, број* 2, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за музичка уметност, Штип (стр. 171-182).

(Резиме: Појавата на чалгиските состави во разни градови во Македонија и создавањето на чалгискиот оркестар во градот Берово. Појавата на двете групи на чалгаџии и лидерот на оркестарот Данчо Рунтевски. Местата каде што свиреле и репертоарот карактеристичен за местото. Биографијата на учесниците во оркестарот, но и изумирањето на чалгиската традиција во Берово).

5. **Тимко Чичаковски**, (2012), Методски пристап на инструментот тамбура, *Зборник на трудови* IV, Илинденски денови, Битола (стр. 16-25)

(Резиме: Во темата се прикажани историските податоци за тамбурата, нејзиното потекло и развојните и фази. За подобар пристап на инструментот се направени вежби со методски анализи на ритамот, дурски и молски скали и позиции на тонови).

6. **Тимко Чичаковски** (2012), Свадбениот циклус во Малешево, *Годишен зборник, број* 3, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за музичка уметност, Штип (електронско издание).

(Резиме: Граници и состав на етничкиот предел Малешево и автори кои пишуваат. Музичари кои свиреле во оркестрите и нивни биографии. Етапи при извршувањето на свадбениот обред: предсвадбен, свадбен и посвадбен дел. Песни и ора кои се изведуваат во свадбениот обред и точен редослед).

7. **Тимко Чичаковски,** (2013)**,** Историски развој на чалгијата, *Зборник на трудови* V, Илинденски денови, Битола (стр. 24-28).

(Резиме: Автори кои пишуваат во Македонија за чалгијата како музички состав и инструментариум. Визуелни и пишани стари податоци за постоењето на музичките инструменти во Македонија. Опис на инструментите и употреба во ритуалите).

8. **Тимко Чичаковски,** (2014)**,** Музичките артефакти за традиционалните инструменти во XIX век, *Зборник на трудови* VI, Илинденски денови, Битола.

(Резиме: Музичките традиционални инструменти, како неразделлив дел од културата на еден народ, за прв пат во македонскиот пишан збор се среќаваат во XIX век кај познатите собирачи на традиционални вредности Стефан И Верковиќ и Марко Цепенков. Записите што тие ги оставиле се од огромна важност за македонската етномузикологија т.е. етноорганологија).

9. **Тимко Чичаковски**, (2014), Миленко Јованов од С. Јаргулица-Изработувач на традиционалниот музички инструмент тамбура, Меѓународен симпозиум, ИФ „Марко Цепенков“, Скопје.
(Резиме: Од големо значење за македонската етномузикологија и етноорганологија е собирањето на теренски материјали од старите изработувачи на традиционални инструменти, кои нив ги создаваат на елементарен начин, каков што бил принципот на изработување во минатото. Во овој труд, ќе биде опишан начинот на изработка на инструментот тамбура, од изработувачот и изведувачот Миленко Јованов од с. Јаргулица).
10. Тимко Чичаковски (2014), Музичкиот инструмент канон, во македонската традиција, *Македонски фолклор*, XXXVI, бр. 69, Скопје.
(Резиме: Во поголемите градови на територијата на Балканскиот Полуостров, во XIX и XX век, се развива чалгијата како музички правец. Инструменти кои влегуваат во составот на чалгијата се: *виолината*, *утот*, *лаутата*, *канонот*, *кларинетот*, *дајрето*, *тарабуката* и др. Визуелни докази дека овие инструменти постоеле на територија на Македонија, добиваме од фреските на манастирите, поточно црквата „Св. Архангел Михаил“, каде што е прикажан претходник на инструментот канон. Даден е опис и на неколку постари канони кои се наоѓаат во Македонија).
11. **Тимко Чичаковски,** (2014), Мал музички состав од пределот Дурачка Река Меѓународен симпозиум-Македонско етнолошко друштво, Етнолог 16.
(Резиме: Во овој прилог е опишан малиот музички состав од етничкиот предел Дурачка Река. Во неговиот состав спаѓаат инструментите: гајда, гусла, тамбура и дудук. Како оркестарска формација, многу ретко се сретнуваат инструментите на територија на Македонија. Ова е една ретка можност и се среќава единствено таму. Опишано е кои три инструменти се јавуваат како комбинација, нивната градба и инструменталистите според теренските истражувања).
12. **Тимко Чичаковски,** (2015), Дувачкиот инструмент борија во пределот Долна Река, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје.
(Резиме: Музичкиот инструмент Бориа е карактеристичен за регионот Долна Река. Инструментот е поврзан со доаѓањето на пролетта и култот кон неа. Намногу го свират деца, а е изработен од кората од врба и има форма на труба).
13. **Тимко Чичаковски,** (2015)**,** Ороводни песни со инструментална придружба, *Зборник на трудови* VII, Илинденски денови, Битола. (стр. 25-29).
(Резиме: Ороводните песни придружувани со инструмент се една од најстарите форми на соединување на повеќе елементи заедно – пеење, свирење и игра. Овие песни биле интерпретирани на разните собори, веселби, слави, а кај народот биле омилени, па затоа опстанале низ вековите. Најчесто овие песни биле придружувани со еден инструмент, но се среќава и појавата каде што свиреле и повеќе инструменти доколку интонативно се усогласат).
14. **Тимко Чичаковски** (2016)**,** Големото значење на емисиите распеани градови од 1973 година, за развојот на градската музичка култура, *Зборник на трудови* VIII, Илинденски денови, Битола (стр. 22-25).
(Резиме: Музичките состави *Распеани градови* во Македонија се формираат во шеесетите години од XX век. Овие состави се формирани со цел да се анимираат младите во градот. Снимени се 21 емисија за различни градови, во продукција на Радио Скопје, денеска Македонска Радио Телевизија. Се препознава стариот и нов стил на инструментално искажување и стариот и нов стил на вокално претставување. Јасно може да се препознае еволутивниот процес на инструментите, нивната употреба во разните оркестарски формации. Овие оркестри скромно се појавуваат во вид на музички секции, но оставаат важен белег во музичката историја).
15. **Тимко Чичаковски,** (2016), Чалгискиот оркестар од градот Берово, *Македонски фолклор*, XXXVIII,бр. 71, Скопје.
(Резиме: Чалгиската традиција во Македонија е неизбежен дел од македонската музичка традиција. Чалгиските оркестри почнуваат да се појавуваат во повеќе градови во Македонија кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Во тоа време се развиваат градските центри и сите особености што ги носи оваа култура, меѓу кои и чалгиските

оркестри. Се оставаат селските инструменти како непопуларни, а на нивно место ги заменуваат градските, кои голем дел од нив се од фабричко потекло. Градот Берово како градска средина не заостанувал во тој поглед и во овој текст ќе бидат опишани музичарите, музичките инструменти и случувањата тесно поврзани со чалгискиот оркестар од градот Берово).

16. **Тимко Чичаковски,** (2017)**,** Инструментот канон – традиционални и современи аспекти, *Зборник на трудови* IX, Илинденски денови, Битола. (стр. 39-43).

    (Резиме: Музичкиот инструмент канон е познат од времето на минатото во повеќе држави од Европа под разни имиња канун, канон, кањо, канале. Во 10 век е преземен од Египет во Блискот Исток, додека во Европа навлегува во 12 век преку андалузиските трупи. Помеѓу 14 и 16 век овој инструмент во Европа станува познат под името псалтир или цитра. Во Отоманската музика овој инструмент почнува да се користи во 15 век. Тоа е времето кога се појавуваат промени во неговата градба, па се појавуваат помали и поголеми варијанти на овој инструмент. Постојат два вида на овој инструмент во денешно време арапски и турски. Разликите, градбата и предностите на овие два вида на канони).

17. **Тимко Чичаковски,** (2011), *Македонски традиционални музички инструменти*, Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, прирачник по предметот Народни инструменти.

    (Резиме: Поделба на музичките инструмети според произведувањето на тонот и состав на групите т.е. инструменти кои влегуваат во нив. Состав на инструментите, градба, технички карактеристики, штимови, изработка и детален опис. Методски вежби за расвирување на тамбура и кавал. Мелографии за солистички инструменти, но и мелографии за народен оркестар).

***Учество на конференции со свој реферат/ труд:***

1. Меѓународен симпозиум во организација на Инситут за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје (2017); Тема: *Остатоци од макамски системи во некои вокално-инструментални музички примери во Македонија*.
2. Меѓународниот научен симпозиум во организација на Конзулатот на Р. Србија во Македонија (2017) - Битола; Тема: Сворче и фрула.
3. Меѓународниот научен собир во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје (2017); Тема: Чалгискиот оркестар во градот Берово.
4. Втор меѓународен симпозиум за канон-Анкара, Турција (2015)
   Тема: Музичкиот инструмент канон во Македонија.
5. Научен симпозиум во организација на Македонците со исламска религија-МАНУ (2015); Тема: Дувачкиот инструмент *борија*, во пределот Долна Река.
6. Меѓународен симпозиум во организација на Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје (2014); Тема: *Миленко Јованов од с.Јаргулица - изработувачот на традиционалниот музички инструмент тамбура*.
7. Меѓународен симпозиум-Македонско етнолошко друштво (2014); Тема: Мал музички состав од пределот Дурачка Река.

***Сценски адаптации:***

1. **Садило** (ора и песни од градот Охрид)
2. **Шетнала се Јана** (ора и песни од Пијанец)
3. **Ајде зајди, зајди** (ора и песни од Овче Поле)
4. **Грабиле гу Смиљану девојку** (ора и песни од Скопска Црна Гора)
5. **Мито, тропни ми** (ора и песни од Малешево)
6. **Ала франга – ала турка** (ора и песни од градот Скопје и Тетово)
7. ***Ораовички собор*** (ора и песни од Радовишко Поле и Радовишки Шоплук)
8. ***Чангулово*** (машко оро од Малешевија)
9. ***Каршијак*** (ора и песни од Скопска Блатија)
10. ***Пустец*** (ора и песни од Долна Преспа)

***Награди и признаија:***

1. Освоена специјална прва награда на фестивалот X dance, со Ансамбл „Македонија“ (2017);
2. Освоена I награда на општински натпревар, во организација на Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија МБ“ – Скопје (2016);
3. Освоена прва награда на фестивал на млади музички и балетски таленти, во организација на Музички и балетски педагози на Македонија – Скопје (2015);
4. Освоена I награда на Петтиот меѓународен натпревар КМК Кавадарци (2015);
5. Освоена специјална прва награда на фестивалот Подласка октава - Бјалисток Полска, со Ансамбл „Македонија“ (2015);
6. Освоена специјална I награда на државен натпревар, во организација на Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија МБ“ – Скопје (2015);
7. Освоена I награда на регионален натпревар, во организација на Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија МБ“ – Скопје (2015);
8. Освоена I награда на општински натпревар, во организација на Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија „Хармонија МБ“ – Скопје (2015);
9. Освоена I награда на Петтиот меѓународен натпревар КМК Кавадарци, лауреат во традициски состави (2014);
10. Златен медал од асоцијација на фестивалски градови FFCA со Ансамбл Македонија (2014);
11. Фондација Global conections со Ансамбл Македонија (2014).

***Раководител на семинар:***

1. Фестивал за народна музика и игра „Илинденски денови“ – Битола, Раководител на Семинарот за традиционална музика и игра во период од 2009 до 2017 година.

***Концертна активност:***

4. Концертна турнеја (2013) на Ансамбл „Македонија“ во градовите: Велес, Битола, Гевгелија,Струмица, Делчево, Скопје;
5. Целовечерен концерт во МОБ (2011) *10 ГОДИНИ ЕДУКАТИВНА, КОНЦЕРТНА И ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ*, ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“, насока Традиционална музика и игра (позиција: селектор);
6. Целовечерен концерт во МОБ (2012) *НАШАТА МЕТОДИКА*, ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“, насока Традиционална музика и игра (позиција: селектор);
7. Целовечерен концерт во МОБ (2012) *ЧУВАРИ НА ТРАДИЦИЈАТА*, ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“, насока Традиционална музика и игра (позиција: селектор);
8. Концертна турнеја во Јапонија (2013) 27 – целовечерни концерти на Ансамблот „Македонија“ (позиција: селектор);
9. Целовечерен концерт во МОБ (2013) *КОДЕ СЕ МИЈАЦИТЕ*, Ансамбл „Македонија“ (позиција: селектор);
10. Целовечерен концерт во МОБ (2013) *И НИЕ СМЕ ДЕЦА*... ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“, насока Традиционална музика и игра (позиција: селектор);
11. Целовечерен концерт во МОБ (2014) Годишен концерт на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - *Звуците на Македонија;*
12. Концертна турнеја во Холандија со Ансамбл Македонија (2015)
13. Концертна турнеја во Турција: Ахисар, Маниса, Измир со Ансамбл „Македонија“ (2015);
14. Целовечерен концерт во МОБ (2015) Годишен концерт со ДМБУЦ „Илија Николовски- Луј“, насока Традиционална музика и игра, *Слики од Македонија;*
15. Учество на Скопско лето со Ансамбл „Македонија“ (2015);
16. Учество со Ансамбл „Македонија“ на фестивал Голден Караѓоз Бурса-Турција (2015);

17. Учество со Ансамбл „Македонија“ на фестивал „Подласка октава“, Бјалисток-Полска (2015);
18. Концертна турнеја со Ансамбл „Македонија“ низ Србија: Лесковац, Белград, Качарево (2015);
19. Концерт во Корча- Албанија со Ансамбл „Македонија“ – (2015);
20. Целовечерен концерт во МОБ (2016) Годишен концерт со ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, насока Традиционална музика и игра;
21. Концертна турнеја со Ансамбл „Македонија“ во Црна Гора, Србија, Хрватска (2017);
22. Целовечерен концерт во МОБ (2017) Годишен концерт со ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“,насока Традиционална музика и игра;
23. Учество со Ансамбл „Македонија“ на фестивалот „Меѓународна смотра фолкора“- Загреб (2017).

***Издавачка дејност (CD)***

2. Ансамбл „Македонија“ – Концертна турнеја во Јапонија, програма А (2013) – позиција, музички менаџер.
3. Ансамбл „Македонија“ – Концертна турнеја во Јапонија, програма Б (2013) – позиција, музички менаџер.
4. Ансамбл „Македонија“ – Годишен концерт *Коде се Мијаците* (2013) – позиција, музички менаџер;
5. Ансамбл „Македонија“ – Годишен концерт *На аскер ќе одам* (2016) – позиција, музички менаџер;
6. Ансамбл „Македонија“ – Годишен концерт *Махмуд се готви* (2017) – позиција, музички менаџер.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната детално наведена професионална активност на кандидатот м-р Тимко Чичаковски се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти  канон и маками на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа спсобности за развивање на наставно-образовна дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање, како и организациско-развојни дејности.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Тимко Чичаковски во звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти *канон и маками* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Родна Величковска, научен советник на**
**Институтот „Марко Цепенков“ во Скопје, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Јаневски, вон. проф. на Музичка академија**
**на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.**
**Проф. м-р Антонијо Китановски, вон. проф на Музичка академија**
**на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,  член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 33 | 204 |
| 2 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 20 | / |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 6 | / |
| 4 | Одбранета магистерска работа | 4 | / |
| 5 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 9 | / |
| 6 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 45 | 10 |
| 7 | ВКУПНО | 117 | 214 |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга | 10 | / |
| 2 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 34 | / |
| 3 | Пленарно предавање на стручен собир | / | 4 |
| | ВКУПНО | 44 | 4 |
| | | | **379** |